**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**
**СТ.бр.70/11**
**11.11.2011 год.**
**В е л е с**

# О Г Л А С

ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС објавува дека со решение СТ.бр.70/11 од 11.11.2011 год, од Стечајниот судија Валентина Петровска,

**СЕ ОТВАРА** стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, услуги и шпедиција Ви-Ва Компани ДОО увоз-извоз Велес со седиште на ул Благој Ѓорев бр 97/1-5 Велес, со трансакциска сметка бр.300270000031596 во Комерцијална банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр. 250014000230398 во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, со трансакциска сметка бр.200000098505723 во Стопанска банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 5563437, со единствен даночен број 4004001112473, со приоритетна дејност-49,41, товарен патен транспорт.

Стечајната постапка е отворена на ден 11.11.2011 година во 14,00 часот.

За **СТЕЧАЕН УПРАВНИК** на стечајниот должник се именува лицето Јордан Ставревски од Велес ул."Љубен Весов " бр.128, телефон 070-278 810.

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите да ги пријават своите побарувања до стечајниот управник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во "Сл.весник на РМ" со доказ за платена судска такса во износ 480,00 ден.

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во "Сл.весник на РМ" до стечајниот управник да ги пријават своите разлачни права: на подвижните предмети и правата на должникот ;на недвижностите на должникот кои не се запишани во јавните книги ;на недвижностите на должникот кои се запишани во јавните книги. Доверителите се должни да ги пријават и своите разлачни права на подвижните предмети и на правата на должникот што се запишани во регистрите во кои тие предмети односно права се запишани.Во пријавата мора да се означат предметите на кои постои разлачно право, начинот и основот на заснивањето на тоа право како и средствата за обезбедување на побарувањето. Доверителот кој без оправдана причина намерно ќе пропушти да поднесе пријава или ќе одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите должници своите обврски да ги исполнат кај стечајниот управник.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиште (испитно рочиште) на Собир на доверители за испитување и утврдување на пријавение побарувања на доверителите на ден 11.01.2012 година во 13,00 часот во судница бр.3 во Основен суд Велес.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиште на Собрание на доверители на кое врз основа на извештајот на Стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката на ден 11.01.2012 година во 14,00 ч. во судница бр. 3 во Основен суд Велес.

Примерок од решението да се достави до:Централен Регистар на РМ РРК Велес, Агенција за недвижности Велес, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи- РД Кавадарци Основното Јавно обвинителство Велес, Централниот депозитар за хартии од вредност,Нотарите и Извршителите за подрачје на Велес и носителите на платниот промет на должникот.

Решението да се објави на огласна табла на Основен суд Велес и во Службен весник на РМ и во два дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија и на Веб страницата на Централниот регистар на РМ.

Жалбата поднесена против решението не го задржува извршувањето на решението.

Од Основен суд Велес

Стечаен судија

Валентина Петровска